Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 497 | www.mchamber.mk | 24.6.2022

# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ



*Приоритети се борбата против непријавената работа и корупцијата, итна дигитализација на јавната администрација и реформа на парафискалните давачки*

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Приоритети се борбата против непријавената работа и корупцијата, итна дигитализација на јавната администрација и реформа на парафискалните давачки



**Клучните прашања за подобрување на бизнис климата Азески ги гледа во неколку конкретни точки и вели дека Комората подготвила приоритети за кои има дискусии и согласност од Владата, но слабо оди имплементацијата.**

Бранко Азески е претседател на Стопанска комора на Северна Македонија (СКСМ), институција која еден век ги застапува најголем дел од бизнисите во земјата. Клучните прашања за подобрување на бизнис-климата ги гледа во осум точки, а вели дека комората има подготвени приоритети, за нив има дискусии и владина согласност, но затајува имплементацијата. Интегралното интервју на 'Prioriteti su borba protiv rada na crno i korupcije, hitna digitalizacija državne uprave i reforma parafiskalnih nameta' - Poslovni dnevnik

**Економските последици од војната во Украина на големо се чувствуваат и во Македонија. Посочивте три канали преку кои се пренесува кризата. Кое се тие?**

Тие канали се: Преку цената на енергенсите, храната и чиповите, преку последиците врз европската економија поради судирот Русија -Украина и од трговската размена на Македонија со Русија и Украина. Фактот што клучните производи како природен гас, нафта и пченица доаѓаат од Русија и Украина, е само потврда за веќе зголемените цени за широка потрошувачка, без разлика дали трговската размена е директно помеѓу Македонија и овие две земји или

преку канали на ЕУ. Уште повеќе загрижува фактот дека индиректните ефекти преку влијанието на конфликтот врз економијата на ЕУ имаат потенцијал да го намалат извозот и инвестициите (кон и од ЕУ), да ги намалат дознаките на нашите иселеници во ЕУ, а со тоа и расположливиот доход на домаќинствата во Македонија и личната потрошувачка. Високиот пораст на цените ја поткопува куповната моќ на населението во ЕУ, што ќе се рефлектира во помала побарувачка за наши производи и услуги. Од стопанството најзасегнати се градежната индустрија, автомобилската индустрија, која произведува автомобилски компоненти, металургијата.

**Истакнавте и дека справувањето со актуелната криза ќе биде ѓаволски тешко. Какво решение сугерирате?**

Во СКСМ констатиравме дека се потребни мерки за решавање на одредени проблеми за одржување на ликвидноста на приватниот сектор, прво преку дефинирање модел на поддршка за потрошената електрична енергија. Потоа преку прилагодување на концептот на јавните набавки; административни постапки за градежни дозволи за поставување фотоволтаици за сопствено производство се многу долги, што оневозможува на краток период обезбедување поевтина струја. На крај да запре носењето Закони по брза постапка која го усложнува бизнис амбиентот на компаниите.

Фискалната политика мора да е заснована на начелото на претпазливост и штедење, за да се создаде поголем простор за интервенција на страната на понудата. СКСМ бара до крајот на годината да не се менува даночната политика, навремено да се враќа ДДВ-то и навремено да се сервисираат обврските на јавниот сектор кон приватниот.

**Ако не беше корона-кризата и војната во Украина, кој ќе беше најголемиот проблем на бизнисот и економијата во Македонија?**

Македонската економија веќе подолго време трпи последици од недоволен број квалификуван и стручен кадар како последица на долгогодишната неусогласеност на вештините и компетенциите кои се нудат од образовниот систем. Извештајот на ЕК потврдува дека 80% од невработените се долгорочно невработени поради недостаток на вештини, а анализите на СКСМ покажуваат дека 65% од компаниите се соочуваат со недостаток на стручен кадар. СКСМ пред 6 години почна конкретни активности за воведување дуалното образование како најефикасен процес за подготовка на соодветен стручен кадар. Фокусот од училницата е префрлен на стекнување знаења и вештини



во компаниите и учениците се обучуваа според технологијата, машините и опремата кои постојат во компанијата, се стекнуваат со работни навики и се запознаваат со функционирањето на компанијата. Компаниите сами го подготвуваат кадарот за да одговара на нивните потреби и одговорноста за неподготвеност на кадарот ќе биде нивна. Но, реализацијата на реформските процеси бара отстранување на законските пречки и зголемување на средства за образование од БПД - од сегашните 3,2% на 5%. Со наша активна инволвираност дуалното образование стана реалност, уписната политика се креира со бизнис заедницата, се работи нов Законот за стручно образование и обука, 1400 ученици повеќе се запишале во стручното образование, вкупно 221 фирма се вклучени во стручното образование оваа учебна година (во новиот Конкурс за упис за следнатата учебна година во дуалното образование се вклучени околу 500 компании), СКСМ обучи над 450 ментори од компаниите за практична обука, 7 стручни училишта и 1 факултет со 29 компании и модернизирани машини и опрема започнаа реализација на практична обука на учениците, со грант од 150.000 до 600.000 евра од Германската банка за инвестиции (KFW) обезбеден преку Комората и КИФ. Во тек е и вториот повик за обезбедување на грантот, обезбедени 2.200 стипендии за учениците запишани во дуалните паралелки во средните училишта во месечна висина од 3.500 денари.

**Функционира ли пазарната економија во Македонија, има ли бизнис клима?**

Ако се следат фактите за геогрграфската и геостратешката местоположба, но и бројките од меѓународни финансиски и аналитички центри, констатацијата е дека земјата има политики кои ја рангираат како поволна бизнис дестинација со функционална пазарна економија. Сепак, овие политики не дадоа целосна структурна трансформација. Затоа итно се потребни реформи за да се олесни движењето на ресурсите до најпродуктивните можности и да се заврши структурната трансформација на Македонија. Иако успехот на земјата во привлекувањето странски директни инвестиции ориентирани кон извоз ѝ овозможи да се интегрира во некои глобални синџири на вредности, таа не беше во можност ефикасно да ја искористи својата стратешка локација. Забрзувањето на структурната трансформација и промовирањето на усвојувањето на технологијата и иновациите ќе стануваат сè поклучни додека Северна Македонија дејствува за да избега од замката со среден приход и да постигне статус со високи приходи. Клучните прашања се слабостите во трговската и транспортната поврзаност и интеграцијата на синџирот на вредност, како и недостатоците во политиката на конкуренција и инвестиции,

БИЗНИС ИНФО 7

деловната регулатива, капацитетите на фирмите, пристапот до финансии и дигиталната поврзаност, а сето тоа се надополнува со недостигот на вештини за работна сила.

**Има ли Македонија стратегија за забрзан економски развој? Каков е односот Држава - Комора - Бизнис?**

Комората ги има дефинирано приоритетите на бизнисот на краток и подолг рок и има зацртано и дека мора да успее да го промени односот на државната администрација кон компаниите, чувствувајќи ги како партнери, на кои мора да им се помогне, да се едуцираат и надградуваат, а не како досега да се „чекаат на кривина“ и да се казнуваат. За поддршка на македонското стопанство за подигнување на продуктивноста и конкурентноста на македонските компании, ние поддржуваме континуиран дијалог меѓу дизајнерите на економските политики и бизнис-секторот.

**Колку е моќна Комората да влијае при донесувањето на големите одлуки за унапредување на економијата, на стопанството?**

СКСМ е најстара, најмоќна и најрепрезентативна бизнис асоцијација во државата. Годинава кога одбележуваме 100 години постоење можеме гордо да кажеме дека членките на Комората обезбедуваат 50,3% од приходот, 47,6% од нето добивката и 33,7% од вработените во приватниот сектор. Комората во своите редови ги има 10-те најпрофитабилни компании, 10-те најголеми извозници, 10-те најголеми производители, 10-те најуспешни бизнисмени, а во својот апарат ги има и 10-те најдобри коморски кадри во државава и уште толку регионални експерти, што докажува дека има капацитет да биде во служба и на бизнисот и на државата.

**Да се свртиме и кон иднината, кои се клучните приоритетите на Комората од кои зависи бизнис-амбиентот во Македонија?**

Комората има подготвени приоритети, за нив има дискусии со владини институции, има согласност за реализација, но затајува имплементацијата. Тие се: Борба со сивата економија и со корупцијата со мерки за унапредување на работењето на Управата за јавни приходи; Интегрирана, целосна и итна дигитализација на процесите на државните служби; Реформирање на системот на парафискалните давачки и сузбивање на сивата економија во електронската трговија; Брза гасификација со изградбата на национален гасоводен систем, поврзување со регионалните гасоводни системи и изградба на дистрибутивните системи за природен гас за стопанството како краен потрошувач; Директна поддршка на извозните компании и финансиската поддршка на инвестициите и создавање услови да се неутрализираат опасностите од селење на домашниот капитал во странство заради користење помош која ја нудат земјите од соседството; и Брзи процедури за издавање на градежните дозволи за инвестициите од бизнисот, ако сакаме инвестиции во економска криза.

**За еден век постоење, кои клучни моменти од делувањето на СКСМ би ги издвоиле?**

Како човек кој 17 години гордо стојам на чело на оваа институција, а цели 32 години сум дел од активностите во коморското функционирање, цврсто верувам во моќта на СКСМ како институција за која има реална потреба. Коморите опстанале 400 години, нашата 100 години и тоа е голем доказ дека треба да се бориш и да направиш Комора на иднината. Јас тоа го направив. Преку Комората изградивме и серија институциите буквално од нула, како што се ГС1 Македонија , Македонското кредитно биро, Советот за странски инвестиции, Македонската енергетска асоцијација и многу други проекти кои се во тек. Изработивме стратешки документ и создадовме концепт „Комора на иднината“, кој претставува одговор на потребите на бизнис-заедницата да има силен партнер. Клучна промена во трасирањето на патот кон Комората на иднината е формирањето на Совети со фокус кон развој, иновации и знаења. Се што работиме е препознаено и од највисокиот државен врв. Неодамна го примив Орденот за заслуги на РСМ за Стопанската комора, а јас лично бев одликуван со Повелба од претседателот на државата Стево Пендаровски. Тоа е и голема одговорност за идните генерации кои ќе ја предводат Комората.

Неодамна го примив Орденот за заслуги на РСМ за Стопанската комора, а лично бев одликуван и со Повелбата на претседателот на државата што ми ја врачи лично претседателот на државата Стево Пендаровски. Ова е голема одговорност и за идните генерации кои ќе ја водат Комората.

# ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ФАРМЕРИ ЗА ТРИ МЕСЕЦИ ВО ОСИГУРУВАЊЕ ВЛОЖИЈА 2 МИЛИОНИ ЕВРА



Вкупно 600 индивидуални земјоделци и фармери и уште педесетина аграрни компании за првите три месеци годинава ги осигурале своите посеви, плодови и животни. Наскоро земјоделското осигурување ќе стане задолжително со закон и заради тоа неговото учество во осигурителниот пазар значајно ќе се зголеми. Целта на оваа реформа е преку зголемување на масовноста значајно да се намали цената на осигурувањето, а истовремено со акумулација на средствата на осигурениците-земјоделци да се создадат големи фондови од кои ќе се исплаќаат штети кои може да ги предизвикаат временските непогоди и особено актуелните климатски промени

Повеќе од 650 индивидуални земјоделци и аграрни компании вложија 118,6 милиони денари (1,93 мил.евра) во осигурување на посеви, плодови и животни за првите три месеци годинава, покажуваат официјалните податоци на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО).

Вкупно 600 земјоделци и фармери во првиот квартал годинава вложиле во осигурување на своето земјоделско производство. За осигурување на посевите и плодовите во овој период се склучени 444 договори за осигурување во кои земјоделците вложиле 81 милиони денари (над 1,3 мил.евра). Фармерите во осигурување на своите животни вложиле над 23 милиони денари (380.000 евра) и склучиле 156 договори со осигурителни компании.

Во овој период во осигурување на своето земјоделско производство, стока и живина земјоделските компании вложиле 14,4 милиони денари (234.000 евра). Од тоа 5,5 милиони денари (89.000 евра) се за осигурување посеви и плодови, а останатите 8,9 милиони денари (145.000 евра) се за осигурување животни.

Осигурителните компании во првите три месеци исплатиле 24,1 милиони денари (391.000 евра) за штети покриени со земјоделско осигурување. Исплатени се 331 штета на фармери за осигурување животни и 6 штети за осигурување посеви и плодови.

Минатата година вкупните вложувања во земјоделско осигурување изнесуваaa 547 милиони денари (8,9 мил.евра). При тоа беа склучени вкупно 3.858 договори за осигурување посеви, плодови и стока. Речиси 3.000 од тие договори ги склучија индивидуални земјоделци кои ги осигураа своите посеви и плодови, а над 500 фармери вложија во осигурување на нивната стока и живина. Во истиот период 376 земјоделски компании имаа осигурано посеви, плодови и стока.

За 2021 година осигурителните компании исплатија вкупно 355,6 милиони денари (5,8 мил.евра) штети за осигуран добиток, посеви и плодови.



# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ



Делегацијата на германското стопанство и Македонско-Германското стопанско здружение на 21.06.2022 година беа организатори на панел дискусијата на тема: "Владеење на правото за економски раст во Северна Македонија".

Целта на настанот беше да се запознаат актуелните и идните инвеститори со чекорите кои ги превзема Владата за постојано подобрување на бизнис климата а и да се слушнат останатите чинители (судии, адвокати, коморите, банките, медијаторите и сл.) за предизвиците со кои се соочуваат компаниите при секојдневното работење поврзани со правната сигурност и примената на законите. Бидејќи еден од најважните фактори за фирмите (и домашните и странските) е правната сигурност, на панел дискусијата акцент беше ставен на процесите во државата кои се превземаат за поголема правна сигурност.

Патрик Мартенс, директорот на Делегацијата на германското стопанство и заменик амбасадорот на СР Германија Ото Граф, во поздравните говори потенцираа дека нашата земја има многу добри закони усголасени со ЕУ легислативата, има многу добри правници, експерти и административци стручни во своите области, но потребно е да се работи на добра имплементација на законите и јасни постапки за правилна и ефикасна примена и реализација на истите. Тие подвлекоа дека е потребна комбинација на политичката и волја на целокупната структура и сите чинители активно да се вклучат во надминување на правните недостатоци и содавање поголема правна сигурност не само за странските туку и за домашните фирми и инвеститори.

Потпретседателот на Владата на Северна Македонија задолжен за европски прашања, Бојан Маричиќ истакна дека столб на секое демократско општество е владеењето на правото и потребна е поголема транспарентност на иституциите за брз, лесен и континуиран пристап до информации за секого. Тој ги подвлече процесите на дигитализација во судството за негова поголема транспарентност и создавање подобра правна сигурност, како и доближувањето на РСМ до европското законодавство. Ги потенцираше и конкретните мерки и чекори кои Владата на РСМ ги превзема за сузбивање на корупцијата и криминалот во стопанството.

Министерот за правда Никола Тупанчевски на трибината истакна дека еден од инструментите за зајакнување на довербата на граѓаните во судството и правната сигурност на компаниите е зголемување транспарентноста во работење на судовите. Тупанчевски подвлече дека Министерството за правда во последните измени на Законот за судовите и на Законот за судски совет, се раководеше меѓудругото и од овие постулати, се со цел да се обезбеди владеење на правото и воедно да ја зајакне правната сигурност на граѓаните и компаниите во судскиот систем. Подобрување на бизнис климата ќе се овозможи и со процесот на дигитализација на судството. Со неа ќе се забрзаат постапките на сите нивоа, ќе се намали корупцијата, ќе се олесни доставувањето на докази и документи, а ќе се подобри и комуникацијата меѓу засегнатите страни и институции, рече Тупанчески.

Александар Шопов, судија при основен суд Велес, од неговата практична работа сподели како може да се заштитат инвеститорите, на што најмногу треба да се внимава, кои се најголемите предизвици и за судиите и ги потенцираше придобивките од Предлог Законот за парнична постапка кој е во собраниска процедура...

Адвокатот Игор Александровски ги апострофираше најголемите предизвици со кои се соочил при неговата работа на ова поле и даде предлози како може некои процеси и процедури да се поедностават за компаниите-инвеститори. Истакна, како и другите говорници, дека одговорност во системот мора да има од секого со цел да не се повторуваат грешките и да се стекне поголема доверба од страна и на компаниите и на граѓаните.

Емилија Спировска, член на УО на Прокредит банка Скопје на присутните им даде објаснување за законот за перење пари и неговата примена во праксата и подвлече дека и во нивните анкети кои ги прават меѓу своите клиенти најголем проблем и пречка во работењето претставува недовербата во правниот систем и потребата од добро владеење на правото.

На панел дискусијата, д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија, лиценциран медијатори и лиценциран обучувач на медијатори најпрво истакна дека и во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија постојат Асоцијации на странски компании, но одговорите од анкетите и барањата и кај домашните и кај странските компании секогаш се дека е потребна поголема транспарентност, задолжителна консултација на бизнис секторот при креирање и носење на законите, да нема често менување на законите заради поголема предвидливост и добра примена на истите и секако да постојат олеснети процедури и достапност на информации

за компаниите при нивното секојдневно работење.

На панелот, Георгиева Јовевска со компаниите го сподели нејзиното искуство до каде сме со процесот на промоција и користење на медијацијата во РСМ и ги повика компаниите доброволно да ја користат медијацијата.

Таа го потенцираше значењето на вклучување на медијацијата посебно кај трговските предмети, ги истакна сите предности (доброволност, доверливост, ефикасност, економичност, правичност, извршност-доколку Спогодбата постигната во медијација се солемнизира на нотар.....) на нејзино користење пред одење на суд, бидејќи медијацијата како алатка само може да му помогне на правосудниот систем и да го растерети судството од една и да создаде подобри деловни односи меѓу компаниите во иднина уважувајќи ги ЕУ-препораките и позитивните европски стандарди во работењето од друга страна. Медијацијата е најефтина алатка на решавање на споровите и за нејзино поголемо вклучување Георгиева Јовевска посочи дека е потребна поголема свесност за сите нејзини придобивки, за вклучување и на државата и нејзино користење кај медијабилните предмети и секако договорно вклучување во облигационите односи на медијацијата кај компаниите бидејќи со медијацијата секогаш двете страни добиваат, медијацијата е најбрза постапка и со медијацијата се решаваат не само сегашните туку и идните постапки, а што е најважно сите страни во постапката остануваат во добри деловни односи и по завршување на самата постапка. Во Германија и Холандија, на пример, над 80 проценти од бизнис споровите се решаваат по пат на медијација и затоа потпретседателот на Комората ги повика сите инволвирани страни активно да говорат за предностите на медијацијата со цел оваа алатка повеќе да се користи и да го добие своето заслужено место. И според Извештајот на Европската комисија од 19.10.2021 година за напредокот на Република Северна Македонија во Глава: Владеење на правото и фундаментални права, Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права наведено е дека: "потребни се постојани напори за промовирање на употребата на алтернативно решавање спорови, вклучувајќи ги и трговските предмети. Во 2020 година, бројот на случаи на медијација е зголемен за 55% во споредба со 2019 година".

Стопанската комора на Северна Македонија и Асоцијацијата за поддршка на медијацијата при Комората и во следниот период интензивно со државата и сите заинтересирани страни продолжуваат со активности за афирмирање, популаризација и поголемо користење на медијацијата.





СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар**

**23.06.2022**

## ЕФЕКТИВНА ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА - Јавен говор, пресс конференции, презентациски вештини и интервјуа

Стопанска комора на С.Македонија, сала 4, 5-ти кат

Стопанската комора на Северна Македонија, на 23 јуни 2022 година, организира еднодневен семинар на тема: ЕФЕКТИВНА ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА (Јавен говор, пресс конференции, презентациски вештини и интервјуа).

Целта на семинарот:

Целта на семинарот е да се подобрат капацитетите за јавна комуникација на учесниците од приватниот и јавниот сектор, а поконкретно да се зајакнат вештините за јавно зборување и презентација.

На учесниците ќе им биде овозможено да се запознаат со техниките за ефективно и професионално комуницирање низ убедлива презентација на политиките и програмите на работа во секторот во којшто дејствуваат, активностите во коишто се вклучени и резултатите што ги остваруваат. Освен тоа, ќе се стекнат со вештини за ефективно вклучување на целните групи во својата работа и комуницирање на начин што води кон остварување поголеми резултати.

Низ презентација и практични вежби учесниците ќе имаат можност да ги совладаат вештините за ефективна комуникација со медиумите, техниките и пристапите што ќе им овозможат градење продуктивна поврзаност со новинарите и пренесување на клучните пораки од својата област на делување.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за вработени од приватните компании, државни и јавни институции, кои се директно вклучени во јавно говорење и комуникација со медиуми и други лица надвор од организациите (лица одговорни за односи со јавност, маркетиг, ПР, сопственици, менаџери и др) како и останати учесници кои имаат интерес да го прошират или усовршат своето знаење по дадената проблематика.






**Бизнис настан за вмрежување**

**26.06.2022**

## Бизнис настан за вмрежување „FARETE“ 7-8 септември 2022

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Италијанската бизнис асоцијација- „Confindustria“ Србија, Ве поканува да бидете дел од претстојниот бизнис настан за вмрежување „FARETE“, кој ќе се одржи на 7 и 8 септември 2022 година во Болоња (Италија).

Деловниот настан „FARETE“ е наменет за сите компании од регионот што имаат за цел да остаарат деловни средби со компании од Италија, и претставува одлична можност за пронаоѓање деловни партнери, но и за презентирање производи и услуги пред потенцијалните соработници. Настанот се организира десетта година по ред од страна на Confindustria Emilia (организација на бизнис-работодавачи која обединува компании од Региони Емилија-Ромања-Болоња, Модена и Ферара).

„Confindustria“ Србија, како меѓународно претставништво на италијанската бизнис асоцијација, е официјален партнер и претставник на овој значаен бизнис собир за балканскиот регион, со цел да се пронајдат, идентификуваат и одберат локални компании- потенцијални учесници на овој деловен настан.

Основни услови за учество за компаниите од регионот:

- компанијата се занимава со увоз или дистрибуција;
- веб страницата на англиски јазик;
- минимум 20 вработени;
- познавање на англиски или италијански јазик;
- секоја вклучена компанија мора да обезбеди најмалку 3 состаноци со италијански компании.

Учеството на компаниите од регионот (меѓународни купувачи) е бесплатно и покрива:

- патни трошоци;
- две ноќевања во хотел со 4*;
- трошоци за храна и пијалоци за времетраењето на настанот;
- трансфер од станица или аеродром во Италија до хотел и назад;
- Б2Б средби со италијански компании регистрирани за програмата „Меѓународен клуб“.

Повеќе информации во врска со настанот можете, како и листата на досега пријавени компании, можете да најдете на следниот линк INTERNATIONAL CLUB IT - Farete (confindustriaemilia.it). Крајниот рок за пријавување е 26.06.2022 година (недела).

За подетални информации, Ве молиме контактирајте со лицето за контакт, м-р Сања Николова, тел: +389/3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk.

**Семинар**

**28.06.2022**

# ПРАКТИЧНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИТЕ ВО ЕДНА КОМПАНИЈА ПРЕКУ НОВ ХОЛИСТИЧКИ ПРИСТАП

Со намера до го доближиме овој нов начин на работа со вработените, Стопанската комора на Северна Македонија на 28 јуни 2022 година организира еднпдневна „он-лајн"-обука на тема: Практично унапредување на човечките ресурсите во една компанија преку нов холистички пристап, која ќе се фокусира на оваа важна тема за обезбедување стабилен развој на секоја организација.

Обуката е наменета за сопственици на компании, претставници на бизнис-заедницата од врвен менаџмент, менаџери на човечки ресурси и други професионалци во оваа област.

Практично унапредување на човечките ресурсите во една компанија преку нов холистички пристап

1.Примена на нови методологии при вработување;

2.Прифаќање на новоевработените во компанијата;

3.Транспарентност и прегледност во индивидуалните резултати на вработените;

4.Одлуките на менаџментот базирани врз 100% точни резултати;

5.Промоција на различност, еднаквост и инклузивност на сите нивоа во компанијата;

6.Техники и методи за унапредување на индивидуалното и тимското знаење на менаџментот;

7.Техники и методи за унапредување на мотивацијата и продуктивноста кај вработените;

8.Начини за приближување на компанијата до вработените преку користење различни пристапи.

Предавач: Мирослав Драганов, ко-основач и директор за маркетинг и продажба во ВИДНЕТ Солушнс, www.widnet.mk. Дополнително, Мирослав има огромно искуство во развој на вработени, консултантство за менаџмент и организациски развој, анализи и давање насоки за дополнителни обуки на постоечките вработени и реализација на обуки за лидерство и меки вештини. Во обуките пренесува реални искуства од проекти спроведени во интернационални и локални компании. Тој е магистар по право. Поседува сертификати за ментор, тренер на обучувачи и коучинг од интернационални сертификациски програми, со кои овозможува компаниите да ги најдат најдобрите решенија за деловен раст и развој. Мирослав е избран за еден од НАЈВЛИЈАТЕЛНИТЕ ШЕЈПЕРИ во светот.



**Конференција**

**26.07.2022 - 28.07.2022**

# ХИБРИДНА КОНФЕРЕНЦИЈА И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ „CONNECTO 2022"

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со ИНТЕРА-Технолошки парк, Мостар, БиХ и во рамки на ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве покануваа да земете учество на претстојната конференција и деловни средби на тема: CONNECTO 2022 што ќе одржат во периодот од 26-28 јули 2022 година во Интера-Технолошки парк, Мостар, БиХ.

Настанот претставува одлична можност да се воспостават контакти со партнери, клиенти и добавувачи од Босна и Херцеговина, регионот на Западен Балкан и од светски рамки.

Настанот е наменет за услужните дејости од следните сектори:

- Дигитализација;
- ИКТ и телекомуникации;
- Производи и полупроизводи од метал, дрво и пластика;
- Инженерски, дизајн и консултантски услуги;
- Градежна индустрија;
- Индустриски и градежни алатки и машини;
- Винарство, земјоделство и храна и
- Туризам, спорт и рекреација.

Учеството на настанот е бесплатно. Целата програма ќе биде подеднакво видлива и достапна за посетителите на локацијата и за оние кои учествуваат онлајн. Настанот ќе се одржи во просториите на Технолошкиот парк ИНТЕРА како и на онлајн веб платформата. Официјални јазици ќе бидат на англиски, босански, хрватски и српски јазик.

Регистрацијата е отворена до 25 јули 2022 година на следниот линк: https://connecto.ba/signup.



СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088